ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-198/10**

**Дата: 25.02.2011**

**ДО**

**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**„ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје „Владо Тасевски“ – Скопје (во понатамошниот текст СУГС „Владо Тасевски“) на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Во рамки на утврдените неправилности, како позначајни ги истакнуваме: неоснованото остварување приходи и необезбедената транспарентност при издавање на училиштен простор под закуп, необезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите и непочитувањето на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорното лице на училиштето треба да обезбеди издавањето на училишниот простор под закуп да се реализира во постапка утврдена со закон, да обезбеди комплетирање на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање и доследно да се применуваат постапките за јавни набавки утврдени со закон.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Снежана Божиновска – директор од 11.02.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.12.2010 до 27.12.2010 кај СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09 – 198/4 од 17.01.2011 година.

### 3.1 Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

**Приходи**

3.1.1 СУГС „Владо Тасевски“ во 2009 година остварило приходи од закупнина на фискултурна сала и деловен простор за сендвичара во склоп на училиштето во износ од 331 илјада денари за кои ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Училиштето ја издава фискултурната сала за рекреирање без утврден ценовник и по цени кои не се одобрени од страна на Училишниот одбор. Давањето на недвижни ствари под закуп на фискултурната сала е извршено по претходно доставено барање од заинтересираните субјекти, наместо со транспарентна постапка, што упатува на ограничување на конкуренцијата и нееднаков третман на понудувачите.
- Училиштето остварува приходи и од закуп на деловен простор за сенвдичара. Одлуката за издавање под закуп на просторот од страна на УО е донесена во втората половина на 2009 година, а просторот е издаден без согласност од основачот кој го известил училиштето дека ќе биде во можност да даде согласност за издавање на простор под закуп по донесување на Правилник за определување на критериуми за издавање под закуп на дел од училишниот простор во средните училишта на Град Скопје.
- Правото на сопственост на објектот на училиштето, според имотниот лист издаден од Агенцијата за катастар на недвижности во 2010 година, е на РМ. До датумот на ревизијата, Градот Скопје како основач на училиштето не се стекнал со право на сопственост на објектот на истата, што е обврска предвидена со Одлуката за пренесување на основачките права и обврски од 2005 година. Имајќи предвид дека не настанала промена на сопственоста од централно на локално ниво, училиштето не постапило согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и неосновано се стекнало со средства од закупнина кои треба да се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Одговорното лице на училиштето да преземе активности за донесување на ценовник за издавање на недвижниот имот под закуп, издавањето да го врши исклучиво во постапка со јавно наддавање, со согласност од Градот Скопје, и кај основачот да иницира забрзување на постапката за промена на сопственоста врз училишниот објект од централно на локално ниво.

**Расходи**

3.1.2 Училиштето во текот на 2009 година, преку склучени авторски договори ангажира дел од наставниот кадар за реализација на модуларно образование, за изработка на програми за стручно образование и план за кои во текот на 2009 година исплатени се надоместоци во вкупен износ 759 илјади денари. Исплатата на надоместоци е вршена преку две агенции за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост. Во фактурите изготвени од агенциите наведен е износот на надоместокот заедно со пресметан персонален данок на доход и агенциска провизија. Поради ваквиот начин на прикажување на авторско-изведувачките надоместоци, училиштето не е во можност да изврши контрола и потврда на точноста на доставените фактури и нема увид за висината на пресметаната агенциска провизија.

Наведеното, не е во согласност со член 17 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Необезбедувањето на целосна и веродостојна документација со која ќе се потврдат исплатените средства создава ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препорака**

При склучување на договор со застапничките агенции да се утврди висината на агенциската провизија, а во фактурите за нивна исплата посебно да бидат наведени: висината на надоместокот, јавните давачки и провизијата.

3.1.3 Со извршениот увид во реализацијата на извршени градежни работи (инсталатерски работи, санација на цевки, замена на подни плочки, молерофарбарски услуги) во вкупен износ од 311 илјади денари констатирано е дека изведувачите на градежните работи не доставуваат соодветна поткрепувачка документација како фактура заедно со работен налог ниту училиштето подготвува записник за извршените работи врз основа на кој треба да се одобрат средствата за плаќање. Наведеното не обезбедува уверување дека работите се изведуваат во согласност со склучените договори, што создава ризик истите да бидат изведени по поинаква технологија на изведба, да се вградуваат несоодветни материјали од определените во договорот и да бидат исплатени незаконски и ненаменски средства.

**Препорака**

Одговорното лице на училиштето да ангажира лице/лица кои ќе вршат проверка на извршените работи, а евидентирањата во деловните книги да бидат поткрепени со веродостојни и вистинити сметководствени документи.

### 3.2 Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

3.2.1 Ревизијата утврди плаќања кон добавувачите по основ на јавни набавки во текот на 2009 година во износ од 729 илјади денари со постапки со прибирање на понуди без објавување на оглас за кои утврдивме слабости и неправилности наведени во точката 3.4.1. од Конечен извештај на СУГС „Владо Тасевски“ - Скопје - сметка на расходи на буџет на дотации.

3.2.2 Не се спроведени постапки за јавни набавки за услуги во вкупен износ од 759 илјади денари за застапување при исплата на надомест за авторски хонорари преку Агенција за услуги од областа на авторско право и индустриска сопственост со која училиштето во 2009 година склучило договори за ангажирање професори за одржување настава за модуларна обука, изработка на програми за стручно образование и др.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1, 3.1.2, 3.1.3, 3.2.1 и 3.2.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје – сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 21.02.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.481 | 2.080 |
| Трансфери и донации | 167 | 945 |
| **Вкупно приходи** | **2.648** | **3.025** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.961 | 2.141 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.961** | **2.141** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 397 | 717 |
| **Вкупно капитални расходи** | **397** | **717** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **2.358** | **2.858** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **290** | **167** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 290 | 167 |
| Побарувања | 151 | 130 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 38 |
| Активни временски разграничувања | 31 | 44 |
| Залихи | 445 | 358 |
| **Вкупно тековни средства** | **917** | **737** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 0 | 1.919 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **1.919** |
| **Вкупна актива** | **917** | **2.656** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 31 | 44 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 11 | 4 |
| Пасивни временски разграничувања | 430 | 331 |
| **Вкупно тековни обврски** | **472** | **379** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 445 | 2.277 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **445** | **2.277** |
| **Вкупна пасива** | **917** | **2.656** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **1.919** | **358** | **2.277** |
| **Зголемување по основ на:** | **339** | **439** | **778** |
| Набавки | 339 | 439 | **778** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **2.258** | **352** | **2.610** |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Дадени во употреба | - | 352 | **352** |
| Пренос на сметка 903 | 2.258 | - | **2.258** |
| Амортизација | - | - | - |
| **Состојба 31.12.2009 година** | - | **445** | **445** |